Врз основа на член 24 став 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ“ бр.51/05; 137/07; 91/09; 124/10; 18/11; 53/11; 144/12 и 55/13) градоначалникот на општината Крива Паланка го дава следното

**С О О П Ш Т Е Н И Е**

**За организирање на јавна анкета и јавна презентација за измена и дополнување на Нацрт-Детален урбанистички план за парцела од ДУП за лев брег за град Крива Паланка, опфат на к.п.бр.805, КО Крива Паланка, Општина Крива Паланка**

Јавната анкета по горенаведениот план ќе се одржи од 12.06.2013 година до 28.06.2013 година секој работен ден од 08,оо-16,оо часот во просториите на архивата на општината Крива Паланка.

Нацртот на измените и дополнувањето на Нацрт-Деталниот урбанистички план за парцела од ДУП за лев брег за град Крива Паланка, опфат на к.п.бр.805, КО Крива Паланка, Општина Крива Паланка ќе биде изложен и во просториите на Центарот за култура во Крива Паланка.

Јавната презентација по измените и дополнувањата на Нацрт-Деталниот урбанистички план за парцела од ДУП за лев брег за град Крива Паланка, опфат на к.п.бр.805, КО Крива Паланка, Општина Крива Паланка ќе се одржи на ден 18.06.2013 година со почеток во 11,оо часот во големата сала на општината Крива Паланка.

Просторот за кој се однесува горенаведениот план ги опфаќа следните граници:

- Од североисток граничи со к.п.бр.796; к.п.бр.797; к.п.бр.798; к.п.бр.799; к.п.бр.800; к.п.бр.803; к.п.бр.804; к.п.бр.785 и к.п.бр.786.
- Од северозапад граничи со к.п.бр.808/1; к.п.бр.808/2 и к.п.бр.808/3;
- Од југоисток граничи со осовина на ул.„Св. Јоаким Осоговски“;
- Од југозапад граничи со осовина на ул.„Илинденска“.

Површината на опфатот е 3188,оо м2.

Анкетните листови за учество во јавната анкета се наоѓаат во архивата на општината Крива Паланка и во горенаведениот рок заинтересираните правни и физички лица можат да достават писмени забелешки преку анкетните листови.

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник**
**Дипл.правник Арсенчо Алексовски**